18.03.2024
12 209/1

( Образец ПП……)

**До: Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
ул. Стале Попов бр. 9/2-22
Скопје
тел. [redacted]
e-mail

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Сите списи во предметот 09ип1-116 од 2023 година
Сите списи во предметот 09-944 од 2023 година
Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овие предмети.
Налог арх бр. 01-878/1.
Ваши акти, претставки, предлози и известувања и добиени барања и известувања.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 18.03.2024 година .** ______________ [redacted]

**Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни, општи и административни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 02-209/2
04.04.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Датум: 04.04.2024 година**

**До:**

- **Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништво**
- **Сектор за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизот**
- **Јетон Рустеми Самостоен градежен инспектор**

**Предмет: Барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристам до информации од јавен карактер**

Почитуван/а

Согласно член 8 став 3 од Зконот за слободен пристап од информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ“ БР. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребно е во рок од пер (пет) дена да ја доставите барањата информација до службеното лице по електронски пат на истата електронска адреса.

Во прилог : Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам од [redacted] Стале Попов бр.9/2-22 Скопје и по електронски пат од е-пошта [redacted]a 18.03.2024 година.

Со Почит,

Изработил:
Бенкизе Фејзулахи [redacted]

Помлад соработник



Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183,
Е-пошта: contact@digu.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено / Pranuar me: 22.04.2024
Орг. Един.: 12 | Број: 209/3 | Прилог: (1) | Вредност:

Цветан

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Примено: 19.04.2024
08 | 118

(Образец ПП.......)

ДО
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

# ЖАЛБА

Од: [redacted]
ул. Стале Попов бр. 9/2-22
Скопје
тел. 075 462 079
e-mail [redacted]

Согласно член 20 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во законскиот рок поднесувам жалба поради неовозможување на пристап до барана информација од јавен карактер.

На 18.03.2024 година до
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

поднесов барање за пристап до информации од јавен карактер со кое од имателот ја побарав следната информација од јавен карактер:

Сите списи во предметот 09ип1-116 од 2023 година
Сите списи во предметот 09-944 од 2023 година
Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овие предмети.
Налог арх бр. 01-878/1.
Нивни акти, претставки, предлози и известувања и добиени барања и известувања.

Поминат е законскиот рок од 20 дена, а **Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам не ми овозможи** пристап до бараната информација, не донесе и не ми достави решение.

ПРИЛОГ: Барање од 18.03.2024 година

Скопје, 19.04.2024 година

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ

| Примено: Pranuar më: | 18.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. Nj. org | Број Nr | Прилог | Вредност: Vlera: |
| | | | |

( Образец ПП……)

**До: Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
ул. Стале Попов бр. 9/2-22
Скопје
тел. 075 462 079
e-mail [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Сите списи во предметот 09ип1-116 од 2023 година
Сите списи во предметот 09-944 од 2023 година
Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овие предмети.
Налог арх бр. 01-878/1.
Ваши акти, претставки, предлози и известувања и добиени барања и известувања.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 18.03.2024 година .**

Арх. знак ________
Рок на чување ________
________ 20 ___ год.
Потпис

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) а согласно член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од                     од Скопје, поднесена против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер,на 03.05.2024 година го донесе следното:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ - MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ - INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 15.05.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org | Број Nr | Прилог Shtojë | Вредност Vlera |
| 12 | 209/4 | | |

## РЕШЕНИЕ

1. Жалбата изјавена од                     од Скопјеподнесена против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, заведена во Агенцијата под бр.08-118 на 19.04.2024 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

2.СЕ НАЛОЖУВА на Имателот на информации да постапи по Барањето на Барателот согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истотода ја извести Агенцијата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

                     од Скопје,како што е наведено во Жалбата,на 18.03.2024 година поднелБарање за пристап до информации од јавен карактердо Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам,со кое побаралда му се достави по е-маилследната информација:

„Сите списи во предметот 09ип1-116 од 2023 година.

Сите списи во предметот 09-944 од 2023 година.

Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овие предмети.

Налог арх бр. 01-878/1.

Ваши акти, претставки, предлози и известувања и добиени барања и известувања".

Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднел Жалба заведена во Агенцијата под бр. 08- 118на 19.04.2024година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-118од 19.04.2024 година ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди

дека Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што согласно член 20 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се смета дека Барањето е одбиено.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-118
03. 05 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Република Северна Македонија
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

**Наш број: 12-209/5**
**Датум: 16.05.2024**

**До: Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Одд. за нормативно правни, општи и административни работи**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање кое го имате доставено до Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, заведено со наш бр.12-209/2, Ве известуваме за следното:

Предметното Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено од страна на лицето во која бара да му се достават сите списи во врска со предметната вонредната инспекциска постапка спроведена во Општина Чаир со арх.бр.09ип1-116 од 2023 година, Ве известувам за следното:

Во конкретниот предмет при вршење на вонредниот инспекциски надзор, субјект на инспекциски надзор беше Општина Чаир претставувано од страна на Градоначалникот на општината Висар Ганиу. Записникот со арх.бр.09ип1-116 на 24.11.2023 година со пропратно писмо е доставено до Градоначалникот на Општина Чаир на призенесување и потпишување согласно чл.82 став 4 од Закон за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ со бр.102/19). Градоначалникот на Општина Чаир, субјект на инспекциски надзор, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на записникот не се произнесе по однос на доставениот записник или примерок од него не го врати потпишан, за што се смета дека е согласен со неговата содржина.

Стручниот административен службеник во конкретниот случај е вработено лице во самата општина, не е директен субјект на инспекциски надзор и поради тоа инспекторатот не може да му овозможи разгледување на списите или да овозможи копирање на истите согласно чл.42 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр.124/2015).

Стручниот административен службеник бараните списи може да ги бара на увид од неговата матична општина каде е и вработен. Доколку се утврди дека е од правен интерес за докажување во судска постапка, предметните списи кои се бараат од страна на барателот судот може по службена должност да ги побара од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Со почит,

Самостоен градежен инспектор


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев" бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183
Веб страна: www.digu.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 10.06.2024
Орг. Един. / Nj. org: 12 | Број / Nr: 209/7 | Прилог / Shtojce: | Вредност / Vlera:

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис,

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер врз основа на член 109 став 13 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а согласночлен 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалба изјавена од од Скопје, поднесена против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 31.05.2024 година годонесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Жалбата изјавена од од Скопје, поднесена против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, заведена во Агенцијата под бр. 08-118 на 22.05.2024 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер СЕ УВАЖУВА.

2.СЕ ЗАДОЛЖУВА Иматело на информации да му ја достави бараната информација на Барателот на начин и во форма на ведени во Барањето.

3.Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

од Скопје на 18.03.2024 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, со кое побаралда му се достави по е-маил следната информација:

„Сите списи во предметот 09ип1-116 од 2023 година.

Сите списи во предметот 09-944 од 2023 година.

Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овие предмети.

Налог арх бр. 01-878/1.

Ваши акти, претставки, предлози и известувања и добиени барања и известувања".

Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднел Жалба заведена во Агенцијата под бр. 08-118 на 19.04.2024година.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, со Решение бр.08-118 од 03.05.2024 година Жалбата ја уважи, и му наложи на Имателот на информации, во рок од 15 дена, да постапи по Барањето

согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и за тоа да ја извести Агенцијата.

Наместо да постапи по наведеното Решение на Агенцијата, Имателот на информации до Барателот доставил електронски допис, со прилог – Известување бр.12-209/5 од 16.05.2024 година. Со наведеното Известување, потпишано од , самостоен градежен инспектор, се известува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам дека предметното Барање за пристап до информации од јавен карактер се однесува на извршен вонреден инспекциски надзор во кој како „субјект на инспекциски надзор беше Општина Чаир, претставувана од Градоначалникот на општината кој...во рок од 8 (осум) дена од приемот на записникот не се произнесе по однос на доставениот записник...за што се смета дека е согласен со неговата содржина". Во Известувањето е потенцирано дека Барателот на информациите „Стручниот административен службеник е вработено лице во самата општина, не е директен субјект на инспекциски надзор и поради тоа инспекторот не може да му овозможи разгледување на списите или да овозможи копирање на истите.. бараните списи може да ги бара на увид од неговата матична општина каде е и вработен...".

Незадоволен од наведениот електронски допис од Имателот на информации и од прилогот кон истиот, Барателот на информации на 22.05.2024 година до Агенцијата повторно достави Жалба, заведена под бр.08-118. Во неа е наведено дека: „Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам не ми овозможи пристап до бараната информација, не донесе и не ми достави решение, а од Известувањето што ми е доставено на е-маил очигледно нема намера да ми овозможи пристап до бараната информација".

Агенција, преку е-маил заведен под бр.08-118 од 22.05.2024 година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата и останатите расположливи списи, истата ја уважи и го задолжи Имателот на информации на Барателот да му ги достави бараните информации во целост, на начин и во форма наведени во Барањето, со претходно прекривање на евентуални лични податоци во бараните документи. Истото треба да го стори во рок од 15 дена од денот на доставување на Решението и да за постапувањето да ја извести Агенцијата.

Имено, по разгледувањето на Жалбата и списите во врска со предметот, Агенцијата констатира дека Имателот на информации не го спровел Решението на Агенцијата бр.08-118 од 03.05.2024 година, односно не постапил согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и **не донел решение**, со соодветно образложување на диспозитивот од истото.

Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е утврдено дека: „информација од јавен карактер е информација во која било форма **што ја создал или со која располага** имателот на информацијата согласно со неговите надлежности“, а согласно член 10 став 1 алинеја 1 од истиот Закон, е должен да ја информира јавноста со објавување на податоци од негова надлежност кои ги извршува, односно му се утврдени со закон.

Агенцијата смета дека, во конкретниот случај, бараните информации спаѓат во редот на информации од јавен интерес, кој преовладува над интересот истите да бидат заштитени од страна на Имателот, односно да бидат недостапни до јавноста. Според член 3 став 1 точка 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „јавен интерес“ во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации со чие што објавување, односно остварување пристап: ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување; ќе се открие противправно стекнување на буџетски средства; ќе се открие потенцијал на судир на интереси; ќе се спречи и открие загрозување на животната средина и ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика.

Што се однесува до наводите во Известувањето бр.12-209/5 од 16.05.2024 година дека Барателот на информации „...не е директен субјект на инспекциски надзор и поради тоа инспекторот не може да му овозможи разгледување на списите или да овозможи копирање на истите...“, Агенцијата на Имателот на информации му укажува дека согласно член 3 став 1 алинеја 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „**барател** на информација **е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа**, на начин и под услови утврдени соовој и друг закон“.

Согласно член 12 став 1 од Законот за инспекциски надзор „Инспекцискиот надзор е јавен“, додека во ставот 2 од истиот член е нормирано дека „Инспекциските служби, преку своите веб страници и веб страницата на Инспекцискиот совет, редовно објавуваат информации од значење за јавноста...“.

Исто така, на Имателот на информации му се укажува дека недавањето на бараните информации од негова страна е можно само во случај кога станува збор заисклучоци од слободниот пристап до информации од јавен карактер, наведени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, по спроведување на задолжителниот Тест на штетност, регулиран во член 6 став 3 од истиот Закон, а со ќе се утврди дали со објавувањето на бараната информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Имајќи го во предвид наведеното, Имателот на информации е должен да донесе Решение со кое ќе го уважи Барањето и на барателот и да му ги достави бараните информации на начин и во форма наведени во Барањето, со претходно прекривање на евентуални лични податоци во бараните документи.

Согласнопогоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рокод 30 дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-118
31.05 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**